Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 50 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет ***Ликовно образование*** за ***III (трето)*** одделение на деветгодишното основното образование за учебната 2020/21 година.

СКРАТЕНА НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

III одделение

Септември 2020 година

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## 1. Вовед

Скратената наставна програма по наставниот предмет ***Ликовно образование за III (трето) одделение на деветгодишното основното образование*** се базира на целите/очекуваните резултати предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратената програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, односно со 2 часа неделно се предвидуваат 64 часа во скратената програма.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

## 2. Преглед на теми и наставни единици

| ТЕМА: ЦРТАЊЕ (20 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Разновидност на линијата<br>2. Контурна линија<br>3. Контраст на линии<br>4. Ритам на линии<br>5. Видови линии комбинирани во ликовна целина<br>6. Ритам на форми<br>7. Текстура<br>8. Простор - надворешен<br>9. Простор - внатрешен<br>10. Цртање ритам во природа |

| ТЕМА: СЛИКАЊЕ (26 ЧАСА) |
| --- |
| **Наставни единици:**<br>1. Основни (примарни) бои<br>2. Зелена - секундарна боја<br>3. Секундарни бои - портокалова (изведена)<br>4. Секундарни бои - виолетова (изведена)<br>5. Хроматско степенување (црвена боја и нејзините нијанси)<br>6. Ахроматски бои<br>7. Ладни и топли бои<br>8. Контраст на бои и форми<br>9. Изразување контраст (светло - темно)<br>10. Тонска градација (светол, темен, најсветол, најтемен тон)<br>11. Примарни и секундарни бои (сликање по фантазија )<br>12. Примарни и секундарни бои (сликање по доживеано)<br>13. Сликање со техника прскање |

| ТЕМА: ОБЛИКУВАЊЕ ВО ПРОСТОРОТ, МОДЕЛИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ (10 ЧАСА ) |
| --- |
| **Наставни единици:**<br>1. Волумен во просторот<br>2. Моделирање едноставен волумен<br>3. Моделирање сложен волумен<br>4. Создавање композиција со разни отпадни материјали<br>5. Создавање посложена композиција |

| ТЕМА: ДИЗАЈН И ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ (8 ЧАСА) |
| --- |
| **Наставни единици:**<br>1. Изработка на дизајн за корица на книга<br>2. Дезен - печатење со ритмичко повторување<br>3. Контраст на бои и форми<br>4. Изработка на оригами |

## 3. Дидактички препораки

Појдовна основа за реализација на скратената наставна програма по наставниот предмет ***Ликовно образование* за III (трето) одделение на деветгодишното основното образование за учебната 2020/21 година** е редовната наставна програма (конкретните цели, поими, предложените активностии методи). Ефикасната реализација на наставните единици во оваа наставна програма, особено за формирањето на поимите од страна на учениците, многу зависи од примената на интегрираниот приод. Тоа значи дека при планирањето на дневната тема /часовите по *ликовно образование* максимално се користат можностите за интегрирано поврзување со наставните предмети: мајчин јазик, математика, ликовно образование, музичко образование и физичко и здравствено образование. Исто така, можат да се користат и работилниците од програмата за образование за животни вештини. Поаѓајќи од целите на учењето, секогаш кога е можно, во процесот на учењето треба да им се овозможи на учениците избор на различни активности и содржини согласно со нивните субјективни интереси. Најефикасни методи на учење во наставата по ликовно образование се оние методи кои учениците ги ставаат во адекватна активна позиција во процесот на стекнување на знаења. Потребно е наставникот да креира ситуации на учење во кои ќе дојдат до израз различните активности што овозможуваат различни начини на учење, користење на различни средства, материјали и извори на учење. Заради природата на наставната програма која ќе се реализира во 64 часа, посебен акцент да се стави на формативното следење на учениците преку собирање показатели за секој ученик посебно, и она што е особено значајно давање повратна информација на ученикот за неговите постигања. Следењето на постигањата на учениците секој наставник индивидуално да го интегрира во рамките на предвидените часови за реализација, користејќи најразлични методи, техники и инструменти.

## 4. Норматив за наставен кадар

Скратената наставна програма ја реализира наставник согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната наставна програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет *Ликовно образование* за III (трето) одделение на деветгодишното основното образование за учебната 2020/21 година ја утврди

Арх. Бр. 12-8424/206
16.09.2020

Министер за образование и наука
Мила Царовска